ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 1
Бр. 02-6054/2
04 -08- 2021

Врз основа на член 53 и член 56 точка 2 став 4 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, а во согласност со член 8 од Одлуката за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2020 година (дивиденден календар) бр. 02-3072/6 од 15.4.2021 година усвоена на седницата на Собранието на акционери на Банката одржана на ден 15.4.2021 година, Надзорниот одбор на Банката, на ден 4.8.2021 година, ја утврди следната:

# ОДЛУКА

## за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2020 година (дивиденден календар)

### Член 1

Да се исплати дивидендата во бруто-износ од 81.709.920 денари.

Банката, во согласност со важечката регулатива од бруто-износот на дивидендата:
а) при исплата на физичките лица ќе задржи и уплати персонален данок на доход,
б) при исплата на правните лица ќе задржи и уплати данок по задршка каде што е применливо.

За предложениот износ на дивидендата за 2020 година, акционерите ќе се известат преку Повикот за учество на Годишното собрание на акционери на Банката.

### Член 2

Висината на бруто-дивиденда по акција ќе изнесува 90,00 денари, односно 9,00 % од номиналната вредност на акциите којашто изнесува 1.000 денари.

### Член 3

Во согласност со член 3 од Одлуката за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2020 година (дивиденден календар) бр. 02-3072/6 од 15.4.2021 година усвоена на седницата на Собранието на акционери на Банката одржана на ден 15.4.2021 година, како датум на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2020 година е утврден осмиот ден од денот кога за Банката ќе престане да важи ограничувањето на распределба и исплата на дивиденда, односно 11.8.2021 година.

### Член 4

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2020 година е 9.8.2021 година.

### Член 5

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2020 година е 10.8.2021 година.

### Член 6

Исплатата на дивиденда за 2020 година ќе започне на 23.8.2021 година.

### Член 7

Дивидендата за 2020 година ќе се исплатува во готово (трансакциски сметки на акционерите).

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Претседател на НО**

**м-р Глигорие Гоговски**

_______________________